ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА
ORGANISATION OF EMPLOYERS OF MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ

## за работењето на
## Организацијата на работодавачи на
## Македонија (ОРМ)
## во 2014 година

*Скопје, март 2015 година*

Организацијата на Работодавачи на Македонија (ОРМ), во текот на 2014 година успешно реализираше голем број активности кои произлегуваат од остварувањето на предвидените цели и задачи согласно Законот за работните односи и Статутот на ОРМ. Во прилог се наведени некои од позначајните активности на ОРМ реализирани во текот на годината:

**Здруженија**

Во ОРМ досега се формирани следниве здруженија: Здружение за комунални дејности, Здружение за тутунско стопанство, Здружение за текстилна индустрија, Здружение за кожарска и чевларска индустрија , Здружение за заштитни работилници, Здружение за угостителство и кафетерии, Здружение за земјоделство и прехрамбена индустрија, Здружение за градежништво и производство на градежни материјали, Здружение за хемиска индустрија и Здружение за хартија, графичка дејност ,Здружение за финансиско посредничка дејност- банки и осигурителни и независни регулаторни тела ,Здружение за енергетика и Здружение за трговија.
*нови членки во 2014, Арциломитал ,Агенција за супервизиа на осигурување и Агенција за супервизија на капитално финансирано капитално финансирање.*

**II . Колективни договори**

Согласно измените во Законот за работни односи, Општиот колективен договор и Законот за минимална плата имавме обврска да ги усогласиме ОКД и КД на ниво на гранка.
Усогласени и објавени во службен весник се:
Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството.
КД за тутунска Индустрија
КД за хеминска Индустрија
КД за текстилна индустрија
КД за кожарска индустрија
КД за енергетика, усогласен и потпишан во 2014 година
КД за баники, преговарањето е во тек, се уште нема консензус за најниската пресметковна вредност.
КД за земједелие и прехрамбена идустрија преговорите се одвиваа во текот на цела 2014 година.Бидејќи не се постигна косензус по одредени прашања договорени пред 2009 година од страна на работодавачите од здружението при ОРМ побарано е откажување на КД за земјоделие и прехрамбена индустрија , во декември 2014 со обврска за отпочнување на нови преговори .

**III. Работењето на Економско социјалниот совет**

Организацијата на Работодавачи на Македонија ( ОРМ ) како единствена организација на работодавачи која ја докажа својата репрезентативност учествуваше на сите седници на ЕСС во текот на 2013 година.Доставени беа следните барања,

Поднесени иницијативи од ОРМ до ЕСС

1.На 06.03.2014 поднесено Барање за толкување од Законодавно правна комисија при Собранието на Р Македонија околу почетокот на примена на законот за минимална плата
2. На 17,02,2014 достевен Допис, повторно потсетување за подобрување на софтверското решение на Програмот за електронска пријава и одјава на вработени на АВРМ, за потребните промени кај електронскиот оглас, кај

случаите за престанок на работен однос согласно член 62 од ЗРО и можноста за одјава и активирање на р.о. од мирување и неплатено отсуство.

3. Предлог за дополнување на работното законодавство за работници кои не можат да ги извршуваат работните задачи поради возраста или намалената работна способност.

По предлог на Економско социјалниот совет на Р.М. , Комисијата за работни односи на одржаната седница на 28.11.2013 год. го разгледа предлогот на нашата членка Цементарница „Усје“ АД Скопје, и заклучи Организацијата на работодавачи да направи едно истражување на своите членови со кое ке се утврди потребата, значењето и начинот на решавање на ова прашање. За таа цел ОРМ изготви еден прашалник со заклучок дека од анкетата се гледа дека иако сите дејности се судираат со овој проблем тој е најизразен кај тутунската индустрија, градежништвото и банките. Очигледно е дека ваквиот предлог е поинтересен за дејностите кои се во добра финансиска кондиција и кои можат да ги покријат ваквите расходи.

Имено на седницата на ЕСС од 24 јули,2014 повторно се покрена иницијативата за предвремено пензионирање како опцијата која би можеле да ја добијат работниците заедно со законското право за доброволно продолжување на работниот стаж за три години. Не се прецизира дали оваа идеја ќе се реализира преку измена на закон или со подзаконски акт и колку години порано ќе може да се замине во пензија, а се предложи за период од најмногу две или три години. Се нагласи дека во таквите случаи пензиите ќе бидат на товар на работодавачите, а не на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, односно работодавачите ќе ги плаќаат пензиите за предвремено пензионираните работници до периодот додека остварат право на старосна пензија, а на нивно место ќе се вработат млади работници кои ефикасно ќе ги извршуваат работните задачи.

Активностите се во тек.

4. Иницијатива за утврдување на дополнителни работни места со бенифициран стаж ( работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење )

Со цел правилно вреднување на условите за работа на вработените во градежништвото и индустријата на градежни работи кои работат на посебно тешки и по здравје штетни работни места согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Р. Македонија покренуваме иницијатива за утврдување на дополнителни работни места со бенифициран стаж ( работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење ).

5. Достават забелешки по Предлог законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, од членството на ОРМ

Предлог законот е интересен за сите субјекти што вршат дејност организирање на зелени пазари.Од причина што содржи одредби кои претставуваат исклучоци од правилото за регистрирано вршење на декјност.Меѓу исклучоците е и случајот под член 6 став 5, кој предвидува дека нема да се смета за вршење нанерегистрирана дејност на физички лица кои вршат дејност на зелените пазари , доколку се запишани во регистарот на УЈП и кои се оданочуваат за дејноста која ја вршат.

6. Предлози од ОРМ по Предлог законот за вработување на лица со инвалидност

Разгледување на Предлог законот за вработување на лица со инвалидност, за која имаше обраќање- Ирена Ристеска -Раководител на Сектор за пензиско и инвалидско осигурување при МТСП

7. Предлози од Работодавачите по Проектот "Побрза исплата на породилните надоместоци и боледувања"

Проектот "Побрза исплата на породилните надоместоци и боледувања", најавен од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во кој се предвидува исплатата на надоместоците за боледување над 30 дена и за породилните отсуства да се врши преку компаниите, додека Фондот ќе го компензира трошокот на работодавачите, на седницата на Управниот одбор на ОРМ, го претстави г.ѓа Даниела Јовчевска пред работодавачите претставници на 17 гранки членки на ОРМ.

Разгледувани прашања на седниците на ЕСС во 2014 година

• Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Македонија

Целта на донесување на овој закон, е да се зголемат казните за работодавачите кои не исплатуваат минимална плата .

• Предлог закон за измена на одредби од Законот за безбедност и здравје при работа

-прашањето за безбедност и здравје при работа во рудниците за време на практична работа на ученици и студенти,

Согласно, Конвенцијата С 155 за безбедност и здравје при работа, Конвенција за промотивна рамка за безбедност и здравје при работа, основната рамковна директива 391, како и други европски директиви кои ја регулираат оваа област, упатуваат на потребата од создавање на национални политики, системи и програми за безбедност и здравје при работа во чие креирање, унапредување и спроведување учествуваат и социјалните парнери, репрезентативните организации на синдикатите и работодавачите.

Со законските измени улогата на претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на мнозинскиот синдикат, претставникот на работниците за безбедност и здравје при работа и преставникот за

информирање и консултирање нема да биде само формална, туку истите ќе имаат реални и прецизно дефинирани задачи да делуваат во насока на создавање на здрави и безбедни услови за работа во работните средини по теркот на европските и светските примери.

- Закон за матерјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатија со доминантна сопственост на државата во период од 2000 до 2004
- Предлог на Закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка
- Предлог на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност –по скратена постапка.
- Предлог на Закон за изменување и дополнување законот за работните односи,
- Предлог на Закон за дополнување на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност осигурување.
- Предлог на Закон за дополнување на законот за здравствено осигурување
- Предлог на Закон за изменување и дополнување на законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

**IV.Учество на годишната меѓународна конференција на МОТ**

Трипартитна делегација од Р. Македонија составена од претседателите на ОРМ,ССМ, КСС како и претставник од Владата,конкретно од МТСП, присуствуваше на Генералното собрание на 103тата седница на Меѓународната конференција на трудот. во период од 9 до 11.6.2014 година .
На седниците на Конференцијата од 28 мај до 12 јуни 2014 година во Женева, на која учествуваа делегации од 185 земји членки на МОТ се разгледаа голем број на прашања и проблеми, како трудовата миграција, стратегии за вработување, начини за зајакнување на Конвенцијата на МОТ бр. 29 за принудна работа.Се усвои текстот за Препораките за дополнување на мерките за ефикасно искоренување на принудната работа и се усвои новиот обврзувачки протокол за справување со модерните форми на принудна работа и елиминација на современите форми на ропство, од страна на делегатите од владите, работодавачите и работниците со 437 гласа за, 27 воздржани и 8 против.

**V.Учество на Работодавачите од ОРМ на**

1.Избор на компанија со најдобра пракса за БЗР за 2013 година

На 28 Февруари 2014 Македонското здружение за заштита при работа во соработка со Организација на работодавачи на Македонија
и другите социјални партнери, објавија повик за пројавување интерес за учество на избор за компанија со најдобра пракса на БЗР во текот на 2013 год
Добитниците во две категории се,
Империал Тобако ТКС (средни компании) и

Мермерен Комбинат Прилеп (големи компании)
Пивара Скопје (големи компании).

2. Организацијата на работодавачи на Македонија со Меѓународниот Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ во Свети Николе на 24.11.2014 год. потпишаа Меморандум за соработка

Со попишувањето на истиот ќе отпочне поактивна соработката помеѓу ОРМ и студентите и професорите од Славјански Универзитет од Свети Николе во областа на претприемништвото.

3.Стратегија за класификација на професионални квалификации
-Регионална конференција на високо ниво за потребни вештини за иднината – Проверка на проектот “FRAME“-5 и 6 октомври-Тирана
4 и5 октомври учество на регионалната конференција „Вештини за иднината - Југоисточна Европа и Турција“, во организација на Европската Фондација за обука, во Тирана, Република Албанија, учествуваа: Министерот за образование и наука м-р Абдилаќим Адеми, советници од МОН, Заменик министерот за труд и социјална политика, Ибрахим Ибрахими и Белинда Николовска,од ОРМ, претставник од социјалните партнери.
На конференцијата министрите за образование од Југоисточна Европа и Турција заедно со експертите за политики од институциите на ЕУ како и европските и регионалните социјални партнери, разменија мислења и споделија искуства за нивните долгорочни визии за вештините и за напорите за прилагодување на политиките за вештини и системите за човечки ресурси. кои ќе ја поттикнат конкурентноста, вработувањето и социјалната вклученост, во регионот и пошироко
- На 24 декември , со поддршка на Британскиот Совет во Македонија, а во соработка со Министерство за образование и наука, работодавачите од 12 сектора од здруженијата при Организацијата на работодавачи на Македонија, одржаа обука за да се нагласи важното и незаменливо учество на работодавачите во целиот процес на МРК.

Обраќање на г.ѓа Наташа Јаневска ,Државен советник при Министерство за образование на наука,

Донесувањето на Македонската рамка на квалификации претставува важен сегмент во процесот на реформи што ги презема Република Македонија во образовниот систем да стане споредлива со европскиот систем на вредности, кој ќе овозможи поголема мобилност, како на полето на образованието, така и на полето на пазарот на трудот

4. Учество во подготовка на Стратегијата за претприемништво и иновативност

**VI.Остварена соработка со МОТ преку семинари и работилници на тема :**

1.Проектот "Унапредување на социјалниот дијалог" е финансиран од ЕУ од ИПА компонентата за развој на човечки ресурси 2007-2013 година, а ќе се

имплементира во период од 24 месеци.
Овој проект претставува поддршка на социјалниот дијалог меѓу Работодавачите, Синдикатите и Владата. На свеченоста по повод промоцијата на истиот , која се одржа на 22 октомври, се обратија шефот на Делегацијата на ЕУ, евро амбасадорот, Аиво Орав, постојаниот координатор на ОН, Луиса Винтон и директорот на Меѓународната организација на трудот (МОТ) за Централна и Источна Европа Антонио Грациози и претседателот на ОРМ Ангел Димитров.
Согласно Стратегијата за развој на ОРМ, како и согласно целите за развој на социјалниот дијалог низ взаемната доверба изградена меѓу социјалните партнери репрезентативните ОРМ и ССМ е постојаниот развој на социјалниот дијалог на сите нивоа.Како на национално преку развој на функционирањето на Економско социјалниот совет ( ЕСС) и конструктивниот дијалог во креирањето на политиките со Владата и репрезентативните социјални партнери, ОРМ и ССМ, преку колективното преговарање на секторско и на ниво на работодавач, па се до формирање и развој на Локалните ЕСС,овој двогодишен проект стратешки ќе го овозможи развојот на дијалогот во сите сфери- потенцираше Ангел Димитров, во своето обраќање

2.Емил Крстановски ,националниот координатор на Меѓународна организација на трудот МОТ од Македонија , организираше дводневна работилница на тема, Политики за заштита на мајчинството и родителско отсуство (вклучително мајчино и татково ) во Скопје.Инцијативата за оваа тема беше покрената од министерот за труд и социјална политика Диме Спасов,така што воведен говор имаше тој.
На присутните на работилницата за прв пат им се обрати и новиот , директор на МОТ за Централна и Источна Европа Антонио Грациози , а експеритите Софија Амарал де Оливеира, експерт за родова еднаквост од МОТ Будимпешта и Лаура Адами ја водеа работилницата на која беше презентиран Извештајот на МОТ, како и политиките за работата и семејството во насока на унапредување на политиките за поддршка и подигнување на свеста за заштита на мајчинството на работното место.

**VI. Работата на Управниот одбор во 2014, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности**

1. Разгледување на Извештајот на Комитетот за конкурентност, од НСПКМ .(во прилог доставен Извештајот)

2. Разгледување на Предлогот за предвремено доброволно одење во пензија за вработените кои не можат да ги извршуваат работните задачи заради возраста- обраќање на Ирена Ристеска -Раководител на Сектор за пензиско и инвалидско осигурување при МТСП.

3. Разгледување на Законот за вработување лица со инвалидност-обраќање на стручно лице од МТСП-

4. Ефектите од примената на Општиот колективен договор за стопанството и усогласувањето на гранковите колективни договори.

**VII. Проекти**

Во текот на 2014 година ОРМ аплицираше на следните повици за проекти,

1. EuropeAid/135-012/M/ACT/MK-Премостување на јазот помеѓу потребите на пазарот и понудата од жените од малцинската група преку програми за обука, реквалификација и смаовработување -се уште нема информација за одобрување.
2. Програма Erasmus+ Programme , април,2014 –проект-Развој и проценка на компетенции-претприемнички и трансферзални вештини-развивање на мобилноста кај поединците, јакнење на партнерството и структурирање на дијалогот кај младите.Приоритет за ОРМ-да обезбеди поддршка на компаниите од стопанството за зголемување на конкурентноста.Партнери од Австрија и Словачка-не одобрен.

3. Budget Heading 04.0301.06-Information consultation and participation of representatives of undertaking VP/2014/003-ОРМ ко апликант со Социјален конзорциум Милано Италија-нема информација

4. Повик-Support for social dialog VP/2014/001,Септември,2014,ОРМ ко-апликант во проект со ССМ на тема- унапредување на социјалниот дијалог и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери во ИПА регионот-не одобрен

5. Europe Aid/136000/ID/ACT/MK-Одржливо граѓанско општество-Промовирање на безбедноста и здравјето при работа-ОРМ ко-апликант со МЗЗПР-не одобрен

6.Budget line: IPA- Human Resource Development 04 06 01

Reference: EuropeAid/136315/ID/ACT/MK

Deadline for submission of Concept note: 14.11.2014 ЗАПОВИМ

тема- 1.Инвалидизирани и нивна вклученост,согласно измените во законот за вработување инвалидни лица-ОРМ е носител

2.Поддршка на ранливи групи-Носител е ЗАПОВИМ, а социјален Папилот од Словенија и ОРМ се партнери.-чекаме одговор

**VIII.Комерцијални семинари организирани од ОРМ**

- 21 март,2014 прв семинар на тема-Колективното договарање стожер на социјалниот дијалог
- 7 мај 2014 година-Откажување на договорот за работа од страна на работодавачот од причини на вина, од лични причини и од деловни причини

- 24 септември-Заштита од вознемирување на работно место (психичко и полово)-МОБИНГ
- 30 септември-Новини во јавно-правниот статус на вработените во јавниот сектор
- 13 ноември-Стандарди за управување со човечки ресурси
- 15 ноември- Новини во јавно-правниот статус на вработените во јавниот сектор

**VIII. Номинирани членови во домашни институции и проекти**

| Институција | Тело | Член | |
|---|---|---|---|
| МТСП | ЕСС | Анета Петровска Русомарски – ЕВН<br>Николина Милановска - СБ<br>Ангел Димитров -<br>Влатко Ѓорѓиевски – МИК<br>4 заменика | |
| МТСП | Комисија за утврдување на репрезентативност | Белинда Николовска<br>Ивица Медарски – Осиг. Македо.<br>Дарко Петровски – ЕВН | |
| МТСП | Работна група за ЗРО | Ангел Димитров<br>Предраг Милосављевиќ – СП | |
| МТСП | Работна група – Закон за мобинг | Ивица Медарски | |
| МТСП | Работна група за АПВМ | Светлана Ристовска Антиќ | |
| МТСП | Работна група за мониторинг на процесот на ангажирање на сезонски работници преку АВРМ | Белинда Николовска | |
| МТСП | Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности за мажите и жените | Белинда Николовска | |
| ЕЕСС | ЗКК | Ангел Димитров<br>Белинда Николовска<br>Светлана Ристовска Антиќ - зам<br>Сузана Игњатовиќ Алексовска зам | |
| ВЛАДА | Совет за безбедност и здравје при работа/ сл. Ве. 36, 6 март 2013 | Кире Ицев - Алколоид<br>Ана Костовска – СП<br>Игор Гиевски - ЕВН<br>Владо Додевски - Заповим | |
| ФПИО | Управен одбор | Љупчо Фармаковски – Комерцијална банка | |
| **АВРМ** | Управен одбор | Ангел Димитров<br>Белинда Николовска | |
| МОН | Одбор за акредитација на високо образовни програми | Светлана Ристовска Антиќ | |
| МОН ??? | Совет за реформи во високото образование по проект "Градење на капацитетите за зголемена вработеност " | Белинда Николовска –член<br>Светлана Ристовска Антиќ – зам. член | |
| МОН<br>ЕТФ -Радмил Поленаковиќ | Управно тело за Стратегија и Акциски план за претприемничко учење | Светлана Ристовска Антиќ | |
| МОН<br>Раф. Консалт. | Меѓуресорската координативна група за професионални квалификации | Светлана Ристовска Антиќ<br>Белинда Николовска зам | |
| МОН<br>Проект на Британски совет - Радмил | Меѓуресорската група за анализа на наставните планови и програми во високото образование и потребите на пазарот на трудот со цел подигање на нивото на меѓусебна | Белинда Николовска | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поленаковиќ | сообразеност во Република Македонија | | |
| МОН | Советот за развој и финансирање на високото образование | Светлана Ристовска Антиќ<br>Белинда Николовска зам | |
| МОН | Работната група на НРК | Светлана Ристовска Антиќ | |
| МОН | | | |
| МЗЗПР | Советодавно тело од проект Градење на капацитетите за БЗР | Ангел Димитров | |
| МЛС | ЗК за следење на ИПА - Бугарија | Сузана Игњатовиќ Алексовска<br>Белинда Николовска зам | |

- Престанок на договор на  консултант на ОРМ –Сузана Игњатовиќ Алексова-декември,2014

Изготвиле,
Белинда Николовска
Светлана Ристовска Антиќ
Март.2015, Скопје

Претседател
Ангел Димитров